Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16), Основачкото собрание на Здружение за социо-културен развој, стеам едукација и иновации АСТЕРА Кавадарци на седницата одржана на 20.07.2026 година, донесе

СТАТУТ
на Здружението за социо-културен развој, стеам едукација и иновации АСТЕРА Кавадарци

I Општите одредби

Член 1

Овој Статут ги уредува целите и задачите на Здружението за социо-културен развој, стеам едукација и иновации АСТЕРА Кавадарци (во натамошниот текст Здружение), начинот на зачленување и организационата структура.

Член 2

Здружението е невладина организација, доброволна и независна, која во нејзиниот склоп ги опфаќа сите граѓани чии цели се во согласност со целите на Здружението.

Член 3

Називот на Здружението гласи:
Здружение за социо-културен развој, стеам едукација и иновации АСТЕРА Кавадарци.

Скратеното име на здружението е:
АСТЕРА Кавадарци.
Името на здружението на англиски јазик е:
Association for socio-cultural development, steam education and innovation ASTERA Kavadarci.
Скратеното име на здружението на англиски јазик е:
ASTERA Kavadarci

Седиштето на Здружението е на адреса: ул. „Шишка“ бр.2/6-6 Кавадарци.

Член 4

Здружението има својство на правно лице од денот на регистрација кај надлежните органи.
Претежна дејност на здружението е: 94.990-Дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м.

Член 5

Здружението има печат кој е со кружна форма и каде е наведен целосниот назив на Здружението.
Здружението има штембил кој е со правоаголна форма и каде е наведен целосниот назив на Здружението.
Здружението може да има свое лого.

Член 6

Работата на телата на Здружението е јавна.

Членовите, органите и телата на Здружението одделно и колективно се одговорни за задачите кои ги презеле по нивен избор.

Член 7

Здружението ги обединува сите активности на членовите и телата на Здружението во интерес на унапредување и исполнување на целите заради кои е основано Здружението.

II Цели и задачи на Здружението

Член 8

Основна цел на Здружението за социо-културен развој, стеам едукација и иновации АСТЕРА Кавадарци е да придонесува кон социо-културниот развој, унапредувањето на стеам образованието, иновациите, дигиталните компетенции, претприемништвото и доживотното учење, преку едукација, информирање, подигнување на јавната свест, застапување и лобирање, вмрежување и активно учество во креирањето и унапредувањето на јавните политики, со цел создавање услови за одржлив развој и подобрување на благосостојбата на поединците и заедниците.

Долгорочни цели на Здружението за социо-културен развој, стеам едукација и иновации АСТЕРА Кавадарци се:

- Унапредување и промоција на доживотно учење и алтернативните форми на образование;
- Развој и промоција на стеам едукација, дигиталните компетенции и примената на иновативни технологии, вклучително вештачка интелигенција, во образованието и општеството;
- Развој и поддршка на младинско, женско, социјално, дигитално и зелено претприемништво како двигател на одржлив економски и општествен развој;
- Унапредување на психофизичкиот развој, здравјето и благосостојбата на поединците и заедниците;
- Промоција на културата, културното наследство и интеркултурниот дијалог преку дигитални технологии, мултимедија и иновативни пристапи за нивно зачувување и промоција;
- Поддршка на одржлив локален и рурален развој преку поттикнување на иновации, циркуларна економија и одговорно користење на природните ресурси;
- Зајакнување на европската интеграција и унапредување на регионалната и меѓународната соработка;
- Поттикнување на активно граѓанство, младинско учество и вклученост во процесите на донесување одлуки на локално, национално и меѓународно ниво;
- Промоција на социјална кохезија, инклузија, родова еднаквост и почитување на културната и општествената разновидност;
- Унапредување на доброто владеење, транспарентноста, партиципативната демократија и креирањето на јавни политики насочени кон потребите на граѓаните.

Други цели и дејности на Здружението за социо-културен развој, стеам едукација и иновации АСТЕРА Кавадарци

Здружението, заради остварување на своите цели, ги спроведува следните активности:

- Организира и учествува на обуки, работилници, семинари, конференции, јавни дебати и други настани во областа на образованието, стеам, иновациите, дигиталните вештини и социо-културниот развој;
- Спроведува и учествува во активности за подигање на свеста за важноста на психофизичкиот развој, менталното здравје, здравите животни навики и општата благосостојба, особено кај младите, во контекст на современата дигитална средина и зголеменото влијание на социјалните и дигиталните медиуми;
- Организира и учествува во културни, образовни и младински размени, вклучително и волонтерски активности на национално и меѓународно ниво;
- Спроведува национални и меѓународни проекти и програми кои придонесуваат за личен, професионален и општествен развој, како и за развој на меѓународната соработка;
- Организира настани од јавен карактер, фестивали, натпревари, кампањи и други промотивни активности во областа на образованието, културата, традицијата, иновациите и општествените вредности;
- Организира и учествува во спортски, рекреативни и други активности што придонесуваат за социјална интеграција и психофизичка благосостојба;
- Работи на зачувување и промоција на културното наследство, традицијата и алтернативниот туризам како можност за локален развој, вработување и економско зајакнување, особено во руралните средини;
- Создава услови и спроведува активности за развој, поддршка и промоција на иновативни, креативни и талентирани граѓани, особено млади и жени;
- Иницира, предлага и поддржува мерки и политики за унапредување на законската и институционалната рамка во областите на образованието, стеам, иновациите, дигиталната трансформација, претприемништвото, културата и социјалниот развој, како и учествува во следење на нивната имплементација;
- Организира и спроведува програми за развој на капацитетите на граѓаните, институциите и организациите;
- Развива и управува со дигитални платформи, алатки и содржини за промоција на образованието, стеам, културата, традицијата, алтернативниот туризам, иновациите, талентите и социо-културниот развој;
- Организира и спроведува хуманитарни, донаторски и општествено-корисни активности во согласност со целите на здружението;
- Воспоставува соработка и членство во домашни и меѓународни организации и мрежи кои работат на иста или слична проблематика;
- Обезбедува материјални, финансиски, технички, организациски и правни услови за непречено функционирање, развој и остварување на целите на здружението.

III Организација, развој, членување

Член 9

Организирањето на Здружението се врши преку неговите членови како и структурирање на органи и тела на Здружението.

Член 10

Зачленувањето во Здружението е доброволно.

Кон Здружението може да се приклучи секое лице со прифаќање на овој Статут и потпишување на пристапница.

Почесно членство се доделува на лица или организации заради особен придонес во остварувањето на целите и задачите на Здружението.

Условите и постапката за доделување на почесно членство ќе се регулираат со посебен акт на Здружението.

Член 11

Членовите ги имаат следните права и одговорности:

- Да ги почитуваат одредбите на овој Статут;
- Активно да учествуваат во реализација на целите, задачите и активностите на Здружението;
- Да учествуваат во процесот на донесување одлуки;
- Да предлагаат, да избираат и да бидат избрани во сите тела на Здружението.

Член 12

Членството во Здружението може да се прекине поради:

- Неактивноста на членот;
- Непримерно однесување од страна на членовите поради кое се нарушува угледот и достоинството на Здружението;
- Непочитување на Статутот од страна на членовите; и
- По волја на самите членови.

IV Органи на Здружението

Член 13

Органи на Здружението се:

1. **Собрание на Здружението;**
2. **Претседателот на Здружението**

СОБРАНИЕТО НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 14

Собранието е највисок орган на Здружението кој го сочинуваат сите членови на Здружението.

Собранието заседава најмалку еднаш годишно.

Собранието:

- донесува статут, програма и други акти;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб страница;
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Северна Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за промена на целта на Здружението;
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на Здружението;
- избира и разрешува членови на органите;

- одлучува за статусните измени на Здружението;
- одлучува за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на Здружението; и
- врши и други работи во согласност со закон, овој Статут и актите на Здружението.

Член 15

Седница на Собранието свикува Претседателот на Здружението.

Со седниците на Собранието претседава Претседателот на Здружението.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на 1/3 од членовите Собранието.

Ако Претседателот на Здружението не свика седница во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог, тогаш седницата ја свикува лицето определено во предлогот доставен од членовите кои побарале свикување на седница на Собранието, а ако не е определено такво лице, тогаш седницата ја свикува најстариот член на Собранието на Здружението.

Свикување седница на Собранието се врши со писмена покана до сите членови на Здружението, со назначен точен датум, време и место на одржувањето, како и дневен ред за седницата.

Писмата се испраќаат најмалку 7 дена пред датумот на одржувањето на седницата.

Член 16

Собранието може да работи доколку на седницата присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број на членови на Здружението.

Одлуките се донесуваат со мнозинство на гласови од присутните членови.

Гласањето е јавно, освен ако не биде поинаку предвидено за определени прашања да се одлучува тајно.

Претседател на Здружението

Член 17

Претседателот на Здружението го избира Собранието на Здружението со просто мнозинство од гласови од присутните членови, со мандат од четири (4) години и можност за повторен избор.

Член 18

Претседателот на Здружението:

- Го претставува и застапува Здружението;
- Ги свикува и раководи со состаноците на Собранието на Здружението;
- Ја претставува работата и активностите на Здружението пред медиумите и другите институции, владини и невладини.
- За работата и неговите активности, Претседателот поднесува извештај пред Собранието на Здружението; и
- други работи во согласност со овој Статут и актите на Здружението.

Член 19

По потреба здружението може да ангажира и администратривно-технички персонал.

V Финансирање и менаџирање на финансиите

Член 20

Здружението остварува средства за својата работа и активност преку следните извори на приходи:

- членарина, доколку Собранието донесе одлука за плаќање на истата;
- основачки влогови;
- доброволни прилози;
- донации;
- подароци во пари, добра, имотни права;
- завештанија;
- легати;
- дејности со кои се стекнува добивка;
- закупнини;
- приходи од инвестиции;
- дивиденди, камати, заеми;
- и други приходи во согласност со закон и со Статутот.

VI Транспарентност во работата

Член 21

Работата на Здружението е јавна. Здружението ја известува јавноста за својата работа преку јавните и други средства за информирање.

Здружението по изготвувањето на годишниот финансиски извештај, истиот ќе го достави до надлежниот орган како и ќе го објави на својата интернет страна или на друг начин ќе го направи достапен до јавноста.

VII Престанување на работата на Здружението

Член 22

Здружението се формира за неопределено време и истото може да престане ако:

- Собранието донесе одлука за престанок со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови;
- помине двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на Собранието на Здружението, а таа не е одржана;
- во две последователни години не е поднесена завршна сметка;
- се донесе одлука за статусна промена која предвидува престанок на Здружението;
- стечај; и
- ликвидација.

Во случај на доброволен престанок на Здружението, со одлуката за престанок ќе се одлучи за постапувањето со имотот и средствата кои остануваат по намирување на

обврските, а во други случаи имотот и средстава ќе бидат донирани во организација со исти или слични цели како Здружението.

VIII Завршни одредби

Член 23

Толкување на одредбите од овој Статут врши Собранието на Здружението.

Овој статут стапува во сила од денот на негово усвојување од страна на Собранието на Здружението.

Кавадарци 20.07.2026 година

Здружение за социо-културен развој,
стеам едукација и иновации
АСТЕРА Кавадарци

Претседател :
Елена Ризова